**Изложба „Пејзажни фасцинации“ од Атанас Атанасоски** Во Ликовната галерија на ЦК „Марко Цепенков“ поставена е изложбата – инсталација „Пејзажни фасцинации“ од Атанас Атанасоски. Прилепчани имаат можност да проследат интересна изложба, која е дел од програмата за работа во 2021 на ЦК „Марко Цепенков“, поддржана од Министерството за култура.

Атанас Атанасоски, кој од рециклирани материјали реализира изложби – инсталации, повторно деновиве се претставува со ново дело во ликовната галерија од ЦК „Марко Цепенков“. Овој пат тоа е инсталацијата „Пејзажни инсталации“, а идејата за реализација на проект
от
е продолжение на претходните
,
кои имаат за цел да ја бараат естетиката на хармонизирање на соживотот помеѓу природата и човекот.

{AG}atanasp{/AG}

-Изложбата нуди можност за пристап кон уметничкото изразување, кое поради растечките еколошки и социјалните проблеми станува се порелевантно и социјално ангажирано. За жал, во последно време пластиката за еднократна употреба е дел од нашето секојдневие, количините од овој отпад постојано се зголемуваат и сериозно ја загрозуваат почвата и водите. Рециклирањето и воспоставувањето системи за управување со пластичен отпад е од витално значење за заштита на животната средина. Се надевам дека мојот проект за кој користам употребени пластични шишина ќе потикне решение за овој глобален проблем – вели уметникот Атанасоски.